Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт**

Број: 18 -8237/1
Датум: 30 .12.2025 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Р.М. број 24/19 и Службен весник на Р.С.М.“бр.87/21,14/25) и согласно Извадокот од Нацрт-записникот број 50-10817/10 од 24.12.2025 година сто триесет и осма седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година Министерството за транспорт донесе:

# ОДЛУКА
## за јавна набавка

1. Да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за потребите на Министерството за транспорт, во согласност со Законот за јавни набавки, според следните податоци:

1.1. Предмет на набавката:

1.1.1 Набавка на работи за **Изградба на мост на Кочанска река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во општина Кочани.**

1.2. Образложение за спроведување на набавката:
Согласно Планот за јавни набавки за 2025 година, Министерството за транспорт потребно е да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка **Изградба на мост на Кочанска река за поврзување на улица „Лазар Андонов“ со улица „Вера Которка“ во општина Кочани.**

1.3. Износ и извор на средствата потребни за реализација на набавката

1.3.1 Проценетата вредност на јавната набавка изнесува 18.644.068,00 денари без пресметан ДДВ и ДДВ од 18% во износ од 3.355.932,00 денари, односно вкупната проценета вредност со вклучен ДДВ изнесува 22.000.000,00 денари. Средствата во висина од 22.000.000,00 денари се обезбедени, односно планирани од Буџетот на Министерството за транспорт за 2026 и 2027 година од програма 20– сообраќај и комуникации, потпрограма 20 – сообраќај и комуникации, ставка 482 – Други градежни објекти, потставка 482220 – изградба на мостови.

Исплатата на преземените обврски ќе се врши според следната динамика:

- Во 2026 година – најмногу 5.000.000,00 денари со вклучен ДДВ
- Во 2027 година-најмногу 17.000.000,00 денари со вклучен ДДВ

2. Начин и постапка за извршување на набавката:
   - набавката од точка 1.1.1 ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка со објавување на оглас и со користење на електронски средства преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), без спроведување на електронска аукција
   - набавката не е деллива од причина што истата потребно е да се спроведе како една целина.

3. За спроведување на постапката за јавната набавка се назначува Комисија за јавната набавка во следниот состав:

   - Раде Кецман- претседател
   - Оливер Спасеновски – член
   - Анета Шареска – член

   и нивни заменици:

   - Слободанка Спировска- заменик претседател
   - Ѓунул Сали - заменик член
   - -Павле Митевски- заменик член

4. За реализирање на договорот за предметната набавка се задолжува Секторот за станбено -комунални работи и инфраструктура.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * MINISTRIA E TRANSPORTIT * СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕР
Александар Николоски

Доставено до:
- Сектор за финансиски прашања
- Одделение за јавни набавки
- Членовите на комисијата
- Архива

Aleksandar Nikoloski

Digitally signed by Aleksandar Nikoloski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport, serialNumber=232937, title=Minister, sn=Nikoloski, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Nikoloski
Date: 2025.12.30 14:23:07 +01'00'

Изработил: П.Митевски
Провериле: А.Шареска
Љ.Петреска
А.Ивановска (финансиски дел)
Одобриле: М. Павловска
С.Волкановски , Државен секретар